ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-2077/3
Датум: 27.03.2025
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ
## за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по
## ПРЕДЛОГ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК Ј 03.06, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.

Јавната анкета по Предлог Деталниот Урбанистички План за Блок Ј 03.06, дел од Градска Четврт Ј 03, Општина Карпош, Скопје ќе трае 20 работни дена, од 07.04.2025 до 07.05.2025 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, сметано од денот на објавувањето на Соопштението.

Јавната презентација ќе се одржи на 14.04.2025 година (Понеделник), во 12.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Јавната презентација за јавните претпријатија по Предлог Детален Урбанистички План за Блок Ј 03.06, дел од Градска Четврт Ј 03, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи на 14.04.2025 година (Понеделник), во 12.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Границата на блокот Ј 03.06 зафаќа површина од 15,202 ха, а во рамки на регулација 12,588 ха, и е оформена по осовина на уличната мрежа и тоа на следниот начин:

- од Северна страна со транзинта магистрала Бул. „Македонија" и сервисна улица „С9 – ул. Јуриј Гагарин - 1",
- на Запад со сервисна улица „С10 – ул. Кораб",
- на јужна страна со сервисна улица „С1 – ул. Козле" и
- на Исток со сервисна улица "С4 ул. Леринска",сервисна улица „С3 ул. М. П. Јорданов" и сервисна улица „С2-Б ул. Јуриј Гагарин".

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош и на веб страната на Општина Карпош https://karpos.gov.mk/.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Деталниот Урбанистички План за Блок Ј 03.06, дел од Градска Четврт Ј 03, Општина Карпош, Скопје, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Одобрил:
Раководител на Сектор,
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски